Бр. 12-2553/7
03.05 год. 2019

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно со член 33, член 22 став (1) и став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 32 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, а во врска со член 74 став (1) и (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18,99/18, 140/18, 208/18 и 27/19) на дванаесетата седница одржана на ден 03.05.2019 година, во присуство на овластен претставник на подносителот на приговорот, полномошник адвокат Благој Денковски од Скопје со уредно полномошно бр. 02-442/1 од 03.05.2019 година и во отсуство на одговорното лице или претставник на Јавното комунално претпријатие Гази Баба 2007, Скопје, уредно повикан, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1) Сомневањата за прекршување на одредбата од членот 8-6 од Изборниот законик и за прекршување на одредбата од членот 36 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси се неосновани.

2) Приговорот поднесен од организаторот/учесник на изборна кампања - ВМРО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО - Скопје, кај Државната комисија за спречување на корупцијата заведен под архивски број 12 – 2553/1 од 30.04.2019 година, против ЈКП Гази Баба 2007, за прекршување на одредбата од членот 8-6 од Изборниот законик и за прекршување на одредбата од членот 36 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, СЕ ОДБИВА.

3) Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

4) Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата по овој поднесен приговор ќе се објави на нејзината веб страница во рок од 24 часа, а истата ќе се достави до подносителот на приговорот и до јавната институција против која е поднесен приговорот – Јавното комунално претпријатие Гази Баба 2007 – Скопје.

5) Предметот број 12-2553/1 од 2019 година се затвора и се архивира.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 30.04.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) е доставен Приговор заведен со архивски број 12-2553/1 од 30.04.2019 година за прекршување на членот 8-6 од Изборниот законик и членот 36 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од овластен подносител Генерален секретар Игор Јанушев, ВМРО-ДПМНЕ, (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство) со седиште на Плоштад ВМРО бр.1, општина Центар, Скопје.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Постапувајќи согласно со член 33 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК отвора постапка за утврдување на фактичката состојба по овој поднесен приговор.

Во Приговорот се содржани наводи дека во текот на спроведувањето на кампањата за избор на претседател, забележано е дека во повеќе наврати возило на Јавното комунално претпријатие Гази Баба 2007, на општината Гази Баба, - спротивно на одредбите од Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, носи и пренесува изборен материјал до партиски штаб, односно штаб за поддршка на кандидатот за претседател на Република Северна Македонија и учесник во изборната кампања-Стево Пендаровски.

Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи согласно став 3 од членот 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со писмено известување број 12-2553/2 од 30.042019 година, приговорот со прилог фотографии, во рок од 24 часа од приемот на приговорот, го достави до Јавното Комунално Претпријатие Гази Баба 2007-Скопје против кое е поднесен, со напомена дека по наводите од приговорот може да се изјасни во рок од 3 дена од денот на приемот на известувањето, односно најдоцна до 02.05.2019 година, четврток, до 12,00 часот со достава на писмено изјасување во Архивата на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Истовремено, согласно со член 33 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, јавната институција против која е поднесен приговорот е известена дека ДКСК наводите од предметниот приговор ќе ги испита и ќе постапи по приговорот на јавна седница закажана за ден 03.05.2019 година во 11:00 часот и е укажано на правото преку овластен претставник да присуствува на јавната седница.

По повод поднесениот приговор, согласно со став 5 од член 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, на закажаната јавна седница повикан е, со писмено 12-2553/3 од 30.04.2019 година, и му е укажано на правото преку овластен претставник да присуствува и подносителот на приговорот.

На ден 02.05.2019 година, до ДКСК е доставено писмено изјаснување од страна на Јавното Комунално Претпријатие Гази Баба -2007 Скопје со број 03-86/2 од 02.05.2019 година и бр. 12-2553/4 од 02.05.2019 година.

Според добиеното изјаснување за наводите по приговорот дека е сторена повреда на член 8-6 од Изборниот законик, како и на членот 36 став 1 од Законот за спречување корупција и судир на интереси Јавното Комунално Претпријатие Гази Баба - 2007 Скопје посочува дека наводите од приговорот поднесен од ВМРО ДПМНЕ се неосновани, а за кое ги наведува следните причини:

-Од доставените фотографии во прилог на приговорот не може да се забележи дека во возилото на Јавното комунално претпријатие Гази Баба -2007 Скопје се пренесува изборен материјал.

-Во рамки на редовните работни обврски на вработените во Јавното комунално претпријатие Гази Баба 2007 спаѓа секојдневно собирање и транспорт на шут и отпад како и на лесно разградлив отпад на целата територија на општина Гази Баба. Тој ден кога е

направена фотографијата, вработени од ЈКП Гази Баба 2007 извршувале редовни работни задачи, помеѓу другите места и на територијата во близина на штабот на кандидатот за претседател на државата Стево Пендаровски. Подоцна, со цел да не се попречува сообраќајот, вработените го паркирале возилото на јавна површина каде што се наоѓа штабот на кандидатот за Претседател на Република Северна Македонија, Стево Пендаровски.

Од страна на вработено лице кое го управувало возилото прикажано на фотографиите, дадена е и изјава за начинот и целите за кои се користи возилото прикажано на фотографиите, која е доставена како прилог кон одговорот на приговорот.

Од изјавата на вработениот, исто така, може да се утврди дека со возилото на ЈКП Гази Баба 2007 ниту е превземен, ниту е дистрибуиран изборен материјал на ниту еден учесник во изборите за претседател.

Од горе изнесеното се утврдува дека ЈКП Гази Баба 2007 не постапила спротивно на членот 8-б од Изборниот законик и членот 36 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Од вака утврдената фактичка состојба произлегува дека сомневањата за прекршување на одредбата од членот 8-б од Изборниот законик и за прекршување на одредбата од членот 36 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси се непотврдени и истите се неосновани од кои причини Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи да се донесе Одлука како во диспозитивот.

Правна поука:

Против Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, подносителот на приговорот и лицето/јавната институција против кое/која е поднесен приговорот има право на тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од приемот на Одлуката.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk